Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 04-9134/1
06-12-2019 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

- Сектор за управување со човечки ресурси-

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-034/2019

**Архивски број:**

**Датум:**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број

година

Скопје


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор за управување со човечки ресурси-

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19) Министерот за труд и социјална политика на ден                    година, донесе

ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на
Правилникот за систематизација на работните места во
Министерството за труд и социјална политика

Член 1

7. Во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика бр.04-7280/2 од 26.08.2015 година,04-7280/7 од 24.11.2015 година, 04-157/1 од 08.01.2016 година, 04-4231/2 од 06.06.2016 година, 04-4850/2 од 04.07.2016 година, 04-5431/1 од 27.07.2017 година, 04-5934/1 од 18.08.2016 година, 04-803/2 од 09.02.2017 година, 02-3676/1 од 19.06.2017 година, 02-4771/1 од 17.7.2017 година, 04-5056/1 од 25.07.2017, 04-9415/1 од 7.12.2017 година, 04-1775/3 од 15.02.2018 година, 04-4578/1 од 02.04.2018, 04-4599/1 од 02.04.2018 година и 04-6210/1 од 16.05.2018 година, 04-7959/1 од 11.07.2018 година, 04-8013/1 од 12.07.2018 година, 04-8757/1 од 07.08.2018 година, 04-8947/2 од 14.08.2018 година, 04-9602/1 од 12.09.2018 година, 04-9602/1 од 12.10.2018 година и 04-11946/1 од 10.12.2018 година, 04-12653/1 од 31.12.2018 година, број 04-5168/1 од 15.07.2019 година, број 04-5168/6 од 25.7.2019 година и број 04-5168/9 од 15.10.2019 година, 04-8477/1 од 13.11.2019 година и 04-8529/2 од 15.11.2019 година во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, во точката 7.СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, во работното место број 147.а Помошник раководител на Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка, во делот на Работни задачи и обврски се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Работни задачи и обврски | - Му помага на раководителот на секторот во организирање, насочување и координација на работата на Секторот и |

| | |
|---|---|
| | вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите<br>- му помага на раководителот на сектор да ја планира, организира и координира работата на секторот, спроведува надзор и дава насоки и упатства за работа на вработените, го следи, контролира и помага во процесот на оценување на работењето на вработените<br>- Му помага на раководителот на секторот во координирање активностите на програмирање, спроведување, следење и оценка на ИПА и др. обврски согласно внатрешните процедури и правила за ИПА;<br>- Учествува во мониторинг на ИПА проекти или/и врши контрола над спроведени мониторинг активности, документи и обрасци поврзани со седење на прогресот на имплементација на проектите согласно внатрешните процедури и правила за ИПА.<br>- Известува за неправилности и ризици за ИПА проекти/програми и во соработка со раководителот на сектор ги координира активностите поврзани со превенција и известување за неправилности и ризици согласно интерни правила за ИПА ;<br>- Му помага на раководителот на секторот во координирање на активности во врска со подготовката на информации, анализи и мислења за прашања поврзани со меѓународната соработка и европската интеграција;<br>- Му помага на раководителот на секторот во процесот на подготовка на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), за прашањата кои се во надлежност на МТСП (во делот на политички и економски |

| | |
|---|---|
| | критериуми, слобода на движење на работници, социјална политика и вработување) и за активностите во рамки на програмите на Советот на Европа;<br>Го следи спроведувањето на одделни аранжмани со Светската Банка и други меѓународни организации во координација со раководителот на секторот;<br>- Учествува во работата на работните групи и тела за прашања од областа на ЕУ интеграцијата за подрачја во надлежност на министерството;<br>- Учествува и помага во подготовка во подготовката и испраќањето на материјали до Владата на РМ, Генералниот секретаријат и Собранието на РМ;<br>- Остварува соработка со другите сектори во министерството и другите државни органи |

Член 2

Во точката 8. СЕКТОР ЗА ПОЛИТИКИ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОВО ПРАВО И ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, во подточката 8.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТРУДОТ, во работното место со реден број 175, Назив: Советник за Управна постапка во областа на трудовото право, Шифра УПР0101В01000 во делот Вид на образование, по зборовите Правни науки се додавааат зборовите Јавна управа и администрација.

Член 3

Во точката 13. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, во подточката 13.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, во работното место со реден број 302, Назив: Советник за заштита на правата на децата, Шифра УПР0101В01000 во делот Вид на образование, по зборовите политички науки науки се додавааат зборовите социологија.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број МИНИСТЕР,

2019 година Мила Царовска

С к о п ј е



Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk